**Република Северна Македонија**
**Државен инспекторат за животна средина**
**Палата "Емануел Чучков", ул.“Павел Шатев“ бр.2, 5-ти спрат**
**http://www.sei.gov.mk/**

**Решение број ИП1-09-14**
**од 01.03.2023 година**

Државниот инспекторат за животна средина, преку водостопански инспектор Тони Димески, со службена легитимација број 06-0015, изврши **вонреден** инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор АД Водостопанство на РСМ – Скопје, во Подружница „Тиквеш“ Кавадарци , со деловно седиште на ул.“ 3-та Македонска бригада“ бр. 1 -10а ,1000 Скопје, застапувано од Главен извршен директор Локман Љимани , во подружницата Тиквеш Кавадарци, со Записник број ИП1-09-14 од 24.02.2023 год. ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 230 став (2) и член 234 став (2) од Законот за водите (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/2008; 6/2009; 161/2009; 83/2010; 51/2011; 44/2012; 23/2013; 163/2013; 180/2014; 146/2015;52/2016 и 151/2021) како и член 83 став (2) од Закон за инспекциски надзор (Службен весник бр.102/2019),го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

1) Правното лице АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост Скопје, со деловно седиште на ул.„ 3-та Македонска бригада 1“ бр.10а, 1000 Скопје преку Подружница Тиквеш, со деловно седиште на ул.„Илинденска“ бр.26, Кавадарци, **СЕ ЗАДОЛЖУВА :**

- да обезбеди преку табластиот затворач континуирано да се пропушта биолошки минимум во низводниот дел од зафатна градба – тиролски зафат на акумулација Моклиште, низводно од зафатот во речното корито на река Луда Мара за целиот период додека има важност дозволата.

2)Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1 на ова решение, изнесува **30 (триесет) дена**, од приемот на ова решение .

3)Субјектот на инспекциски надзор од точка 1) на ова решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено и/или по електронска пошта да го извести инспекторот, дали е извршена инспекциската мерка.

4)Се задолжува субјектот на инспекциски надзор од точка 1 на ова решение, во рок од 15 дена да ги надомести трошоците за вршење на инспекцискиот надзор, во износ од ----/----- денари, на жиро сметка број ------/----- .

5)Жалбата изјавена против ова решение, не го одлага неговото извршување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Државниот инспекторат за животна средина врз основа на член 230 став (1), а во врска со член 28 од Закон за водите (Службен весник бр.87/2008; 6/2009; 161/2009; 83/2010; 51/2011; 44/2012; 23/2013;163/2013;180/2014;146/2015; 52/2016 и 151/2021) преку Тони Димески водостопански инспектор, со службена легитимација број 06-0015, изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекцискиот надзор АД Водостопанство на РСМ – Скопје, во Подружница „Тиквеш“ Кавадарци , со деловно седиште на ул.“ „Илинденска“ бр.26, 1430 Кавадарци, застапувано од присутното лице Влатко Нацев, раководител на подружница “Тиквеш“ Кавадарци, со , состави Записник бр.ИП1-09-14 од 24.02.2023 год. во кој е констатирана следна фактичка состојба:

Во присуство на претставници на АД Водостопанство на Р.Македонија во државна сопственост вработени во подружница Тиквеш – Кавадарци и на правниот субјект ДППЕЕ Хидро Бошава дооел Кавадарци се изврши теренски увид на лице место на зафатна градба – тиролски зафат на акумулација Моклиште, при што се констатира дека низ табластиот затворач од каде се врши обезбедување на биолошки минимум за река Луда Мара истекува потребната количина на вода во речното корито на река Луда Мара. Функционирањето на затварачот (отворање -затворање) може да се врши механички и електронски за што правниот субјект ДППЕЕ Хидро Бошава ДООЕЛ Кавадарци има инсталирано електронски затворач поврзан со скада системот.

Министерството за животна средина и просторно планирање има издадено Дозвола бр.11-7120/3 од 24.12.2013год. за користење на површинска вода од река Бошавица и река Луда Мара за наводнување и употреба на хидромелиоративниот систем Бошава, и Решение бр.11-3203/3 од 17.07.2014 год. за изменување и дополнување на Дозволата за користење на вода за наводнување и за производство на електрична енергија и употреба на хидро-мелиоративниот систем Бошава, на Водостопанство Тиквеш Кавадарци.

Склучен е Договор за Јавно приватно партнерство за реализација на проект Бошава за повеќенаменско искористување на водите помеѓу Водостопанство Тиквеш Кавадарци како јавен партнер и ДППЕЕ Хидро Бошава ДОО Кавадарци , како приватен партнер со бр.03-305/20 од 04.05.2012 година.

Согласно точка 3 од Дозвола бр.11-7120/3 од 24.12.2013год. носителот на водното право АД Водостопанство на РСМ Подружница Тиквеш Кавадарци , треба да обезбедува континуирано биолошки минимум во реките Бошавица и Луда Мара во низводниот дел од зафатите со количина од 1/10 од просечниот повеќегодишен средногодишен проток на соодветниот речен ток.

Обезбедувањето континуиран биолошки минимум во низводниот дел од зафатна градба – тиролски зафат на акумулација Моклиште,низводно од зафатот во речното корито на река Луда Мара, е обврска на АД Водостопанство на РСМ Подружница Тиквеш Кавадарци.

Носителот на водното право АД Водостопанство на РСМ Подружница Тиквеш Кавадарци, согласно точка 3 од дозволата треба континуирано да го обезбедува потребниот биолошки минимум во низводниот дел од зафатна градба – тиролски зафат на акумулација Моклиште, низводно од зафатот во речното корито на река Луда Мара. Потребно е да се преземат активности со кои ќе се обезбеди функционирањето на табластиот затварач (при негово затворање механички или електронски) да не може целосно да се затвора за да може континуирано да се пропушта биолошкиот минимум во низводниот дел од зафатната градба – тиролскиот зафат на акумулацијата Моклиште, низводно од зафатот во речното корито на река Луда Мара.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**

Против ова решение според член 230 од делокруг на водостопански инспектор и постапување според член 234 од Закон за водите, незадоволната странка може да изјави жалба против решението според член 240 од Закон за водите.

Жалба против ова решение може да се изјави во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на решението, доставена до Државната Комисија за одлучување во втор степен од областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, на адреса : Кеј Димитар Влахов бр.4 1000 Скопје.

Според член 37 од Закон за административни такси,тарифа на административните такси за списите и дејствата кај органите на управата на РСМ, за жалба против решение, за тарифен број 2 се уплатува 250 денари на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка.

Решено во Државен инспекторат за животна средина, со решение број ИП1-09-14 од 01.03.2023 година.

**Тони Димески**
Водостопански инспектор
Бр.лег. 06-0015

Доставено до :
- Архива
- АД Водостопанство на РСМ – Скопје,
ул.“ 3-та Македонска бригада“ бр. 1 -10а ,1000 Скопје